ИО638

ВЕЧЕР ☆ 9 март 1994 година , 9507. 9,



ИЗЛОЖБИ

# ПРОСТОРОТ КАКО ДУХОВЕН МОТИВ

**(КОН ИЗЛОЖБАТА НА ДЕЛА ОД ЛИКОВНАТА КОЛОНИЈА „ГАЛИЧНИК 92-93“ ВО УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА – ДАУТ ПАШИН АМАМ)**

Делата – слики, цртежи, фотографии – изложени во Уметничката галерија Даут Пашин Амам се презентирани под заеднички наслов, произлезен од местото и времето (изложбата е биенална) на одржување на ликовната колонија – „Галичник 92-93“. Местото, како мотив, и времето, како атмосфера, имаат видливи влијанија врз делата на поголемиот број (вкупно 18) автори, но не како некаков „ограничувачки“ фактор. Нивниот ликовен ракопис, препознатлив од дотогашното творештво, имено, само е ставен на тестирање во зададена тема, како предизвик. Дел од авторите се претставија со дела од кои, живописните предели на Галичник, не можат така „директно“ да се препознаат, иако контактот со нив остава траги во секој учесник, барем во процесот на создавањето, односно деновите на престојот.

Некако логично, иако не нужно, е во првата група автори да се најде фотографот Герд Долхоф, (Германија) претпоставка што тој, со своите фотографии, ќе ја потврди. Пејсажите и „животот“ на Галичник се видени и презентирани на инвентивен фото-начин, иако со поставеноста во галеријата се, речи си, „невидливи“ за посетителите. Под такво влијание на просторот се и сликите (вaквиот редослед е сосема произволен, без значење на ранг) Јусуф Катиноглу, (Турција) Кирил Батев, Данчо Ордев, Илија Аризанов, Јордан Калчев, (Бугарија) па и Владимир Георгиевски. Во втората група автори – поделбата е чисто оперативна, со сите ризици што може да ги донесе – вaквите влијанија се помалку препознатливи. Тука се сликите на Цветан Панчовски (инспирирани од фреско-живописот), Венко Цветков, Милан Јовановиќ, Елена Љутакова, (Бугарија) Маја Рауник и Вељо Ташовски. Делата, пак, на Славчо Соколовски, Димитар Кочевски-Мичо, Јордан Гелевски, Свето Манев и Стефани Никол (Германија) (цртежи-портрети) оставаат впечаток на дистанцираност од вaквите локални одредници.



КИРИЛ БАТЕВ: „ГАЛИЧКА КУЌА“

Но, како што пишува Викторија Васева Димеска (текст во каталогот) „носејќи ги белезите од просторите во кои живеат и творат, тука, во еден специфичен амбиент, авторите се збогатени за едно искуство, за една глетка, визура, кои оставаат длабок печат, трага во нивните сеќавања, но, донекаде, и во самиот начин на ликовно искажување“.

Слабостите на овој изложбен проект „Галичник 92-93“, што се исто толку видливи, произлегуваат од самиот концепт: „нужноста“ да биде изложено сè она што е направено: стеснетиот избор и, со тоа, лабавата селекција што морал да ја има приредувачот. Вaквите проекти, сепак, имаат друга, „општествена“, димензија која се воспоставува како дополнение на можните ликовно-концепциски пропусти.

Злате ЛОЗАНОВСКИ